# Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод промоцијата на 23.класа потпоручници

31.07.2023 - Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје

Почитуван началник на Генералштаботот, генерал Ѓурчиновски
Почитуван, декан на воената академија, полковник Богдановски,
Почитувани заменик министер за одбрана,
Почитувани гости,
Почитувани семејства и пријатели

Денеска со радост ви се обраќам вам новите 32 потпоручници, нови офицери, нова иднина на нашите Армии, најнапред дозволете да ви речам:

Ви честитам!

Ви честитам за мотивираноста, истрајноста!

Поминавте долг и предизвикувачки процес на едукација кој успешно го завршивте, благодарение на современите студиски програми во согласност со принципите за воено образование на НАТО, можноста за размена на професорски кадар и питомци преку програмата Еразмус + како и преку одбранбената билатерална соработка со нашите сојузници, имавте можност за стекнување знаења и вештини вредни за еден вистински офицер на НАТО.

И да, денес стоите овде пред нас, токму благодарение на вашата одлучност , подготвени да продолжите и да постигнете повисоки цели.

Вие сте вистинските патриоти, Вие кои сте решиле својата работна кариера да ја посветите на заштитата на своите граѓани и многу повеќе од тоа, активно да се вклучите на системот на колективна одбрана и безбедност на НАТО како офицери на земји членки и партнерски земји на Алијансата. Успех е што меѓу вас веќе години наназад во Воената Академија се образуваат и офицери од земјите од регионот. Денес покрај вас 27 нови потпоручници од македонската Армија имаме и 5 потпоручници од Црна Гора и од Босна и Херцеговина. Но, за време на вашето образование двајца од вас имаа можност по еден семестар да се школуваат во Кралството Норвешка, а исто така на нашата академија еден семестар се образуваа и питомци од Кралството Норвешка и од Република Бугарија. Оваа можност што ја имате да студирате заедно со колеги од други земји, но и да слушате настава од професорски кадар од земјите сојузнички овозможува

покрај зајакнувањето на вашата едукација, да воспоставите и една нова мрежа на контакти. Таа мрежа со вашите колеги од НАТО Алијансата и од партнерските земји, ќе ви овозможи и во иднина заеднички да придонесувате во зачувувањето на мирот, стабилноста и безбедноста на преку една милијарда луѓе во светот.

Имам прилика секојдневно да запознавам вистински професионалци во редовите на Армијата. Токму затоа бидете уверени дека како што досега бевте водени од професионалци низ вашето воено образование, така и од првиот работен ден ќе продолжите со луѓе кои имаат стекнато огромно искуство и знаење и кои нема да се штедат да ви го пренесат Вам. Станувате дел од најреномираната институција во нашата држава и затоа продолжете со вашиот мотив и енергија таа стекната доверба кај граѓаните континуирано да ја одржувате. Министерството за одбрана заедно со Генералштабот секогаш ќе бидат вашата силна поддршка и секогаш ќе бидат тука за вас, како за вашиот натамошен развој во кариерата, така и за континуирано унапредување на стандардите и опременоста на Армијата.

Во оваа прилика сосема накусо сакам да им се обратам и на останатите питомци. Студирањето на Воената академија е одлична можност за развој на вашите замисли како идни офицери на македонската Армија и сакам да додадам, дека покрај континуираното заедничко залагање за унапредување на образовниот процес во оваа институција, како Министерство донесовме од овој месец вашите примања да ги зголемиме за 100 проценти и ве уверувам дека секогаш сме тука да излеземе во пресрет на вашите предлози како во поглед на подобрување на образовниот процес така и за условите, престојот така и за се она што Вам како питомци ви е потребно за да постигнете врвни резултати.

Почитувани,

Воената Академија како единствена високо образовна институција во нашата држава игра клучна улога во произведувањето на нови квалитетни кадри, офицери на Армијата на Република Северна Македонија чија основна цел е националната безбедност и одбрана и токму затоа во оваа прилика ќе ми дозволите да упатам искрена благодарност до сите вработени, затоа што благодарение на нивниот придонес се постигнуваат стандардите во образовниот процес и континуирано се врши развој и модернизација на Академијата, уверена сум дека и во иднина ќе продолжи развојот и

унапредувањето на образовните процеси на Академијата. На крај уште еднаш ви честитам затоа што со завршувањето на Воената Академија вие јасно одбравте да и служите на државата засекогаш.

Ви честитам!